РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кеј Димитар Влахов бр.23, 1000 Скопје

А.бр. 03-672/1
Скопје, 20.11. 2024 година

**ИЗВЕШТАЈ**

**За извршен надзор во Вишото јавно обвинителство Скопје**

Согласно Законот за јавно обвинителство и Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија донесе Одлука А.бр. 03-672/1 од 07.10.2024 година за вршење на надзор над работењето на Вишото јавно обвинителство Скопје за период 01.01.2023 година до 10.10.2024 година.

Надзорот беше извршен на ден 10.10.2024 година и на ден 14.10.2024 година во просториите на Вишото јавно обвинителство Скопје од страна на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Лиле Стефанова, Елвин Вели и Целал Бајрами определени согласно Годишниот распоред А.бр.03-621/3 од 01.08.2024 година за следење и координирање на работата за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје.

За извршениот надзор, јавниот обвинител Лиле Стефанова изготви службена белешка А.бр.03-672/1 од 18.10.2024 година и службена белешка А.бр.03-672/1 од 24.10.2024 година, јавниот обвинител Елвин Вели изготви службена белешка А.бр.03-672/1 од 17.10.2024 година и јавниот обвинител Целал Бајрами изготви службена белешка за извршен надзор за период од 01.01.2023 година до 10.10.2024 година.. Во врска со извршениот надзор, согласно чл. 10 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства беше изготвен Извештај А.бр. 03-672/1 од 05.11. 2024 година.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на ден 12.11.2024 година донесе одлука А.бр. 03-672/2 со која јавните обвинители Лиле Стефанова, Елвин Вели и Целал Бајрами се задолжуваат да извршат дополнување на извештајот и службените

белешки со тоа што пооделно ќе се произнесат по сите точки од чл. 6 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства, да се произнесат по однос на стручноста, професионалноста и законитоста на постапувањето на јавните обвинители од Вишото јавно обвинителство Скопје особено со осврт на почитувањето на насоките дадени од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во ситуација кога предметите кои биле опфатени со надзорот биле реферирани пред Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од страна на јавните обвинители задолжени за вршење на надзорот до Вишото јавно обвинителство Скопје беше доставен допис од 13.11.2024 година со кој се известува Вишото јавно обвинителство Скопје дека ќе се врши дополнителен надзор и истиот ќе започне на 14.11.2024 година. Од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје на ден 13.11.2024 година беше доставен допис со кој се бара одлагање на надзорот, заради што надзорот во просториите на Вишото јавно обвинителство Скопје е одложен за 18.11.2024 година, а за одлагањето изготвена е службена белешка А.бр.672/2 од 14.11.2024 година.

Постапувајки по одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр. 03-672/2 од 12.11.2024 година, дополнителниот надзор започна на 14.11.20224 година со тоа што на ден 14.11.2024 година и 15.11.2024 година, тројцата јавни обвинители во просториите на ЈОРСМ вршеа увид и анализа на предметите КОЖ.бр.65/23, КОЖ.бр.1187/23 , КОЖ.бр. 701/24 и КОЖ.бр. 1426/24 кои ВЈО Скопје ги достави до ЈОРСМ со писмен допис А.бр.0302-272/24 од 14.10.2024 година. На ден 18.11.2024 година и 19.11.2024 година се продолжи со вршење на надзорот во просторите на Вишото јавно обвинителство Скопје. На ден 18.11.2024 година надзор се изврши од страна на тројцата јавни обвинители, а на ден 19.11.2024 година надзор извршија јавните обвинители Лиле Стефанова и Елвин Вели, а јавниот обвинител Џелал Бајрами беше отсутен поради други обврски.

Предмет на контрола беше административното и предметно работење на Вишото јавно обвинителство Скопје во смисла на член 6 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства, со тоа што во однос на предметното работење, предмети од интерес за овој надзор се предмети каде јавните обвинители се откажале од жалба и предмети каде јавните обвинители се откажале од обвинение.При вршење на надзорот особено внимание се обрнува на почитување на подзаконските акти како Правилници и Задолжителни упатства.

Од извршениот надзор по одлука на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр.672/2 од 12.11.2024 година, јавните обвинители Лиле Стефанова, Елвин Вели и Џелал Бајрами изготвија заеднички записник кој ги содржи сите констатации и мислења кои произлегоа од надзорот со кој записник сите членови се согласни и истиот е потпишан од тројцата обвинители кои го вршат надзорот.

Овој извештај е изготвен согласно чл.10 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства и во себе ги содржи сите констатации од службените белешки на јавните обвинители за извршениот надзор и записникот од 20.11.2024 година потпишан од сите тројца обвинители кои го вршеа надзорот.

КОНКРЕТНИ СОГЛЕДУВАЊА

Цел на надзорот согласно член 6 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства, беше утврдување на ажурноста и уредноста на приемот, заведувањето, распределбата и постапувањето по предметите во Вишото јавно обвинителство Скопје. За таа цел беше извршен увид во уписник КОЖ за 2023 година и 2024 година, уписник КОЖ1 за 2023 година и 2024 година и уписник РО за 2023 година и 2024 година.

Од увидот во уписник КОЖ се утврди дека во 2023 година се заведени вкупно 1908 предмети, а во 2024 година до 10.10.2024 година се заведени вкупно 1853 предмети.

Од увидот во уписник КОЖ1 се утврди дека во 2023 година се заведени вкупно 591 предмет, а во 2024 година до 10.10.2024 година се заведени вкупно 494 предмети.

Од увидот во уписник РО се утврди дека во 2023 година се заведени вкупно 432 предмети, а во 2024 година до 10.10.2024 година се заведени вкупно 308 предмети.

Во текот на контролата беше извршен надзор над почитување на Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства во смисла на член 22, член 30 и член 35 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства.

Од списите во контролираните предмети може да се забележи дека во Вишо јавно обвинителство Скопје има отстапувања од примена на член 22 од Правилникот за внатрешно работење каде јасно е наведено дека јавнообвинителскиот службеник или друг вработен определен за прием, го потврдува приемот на поднесокот со втиснување на приемен штембил на писменото. Во сите контролирани предмети на пресудите и решенијата примени од Апелационен суд Скопје нема приемен штембил, а датумот на прием се забележува со ракопис.

Од увидот во уписниците споредено со тетратките за примена пошта која се заведува по соодветни уписници може да се заклучи дека поштата се заведува во најголем број случаи согласно член 30 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства, но постојат и ситуации кога е видно дека одреден предмет не е заведен во соодветните рокови и во ист ден се заведуваат предмети примени во повеќе денови без да се запази во целост времето кога се примени поднесоците кои се заведуваат. Дури и да се прифати дека во ист ден биле примени поголем број на поднесоци или од други оправдани причини не може да бидат заведени истиот ден кога се примени, видно од споредбата на тетратките за прием на пошта има поднесоци кои не се заведуваат најдоцна наредниот ден пред заведување на новата пошта, а под датумот кога се примени.

Од увидот во уписниците се констатира дека предметите во уписникот КОЖ не се заведуваат во графата – датум на прием – согласно приемниот штембил, туку во уписникот како датум на прием се внесува датумот кога предметот е предаден после парафирање на приемната пошта, односно кога истиот уписничарот го заведува.

Во насока дека во Вишото јавно обвинителство Скопје предметите не биле заведувани во уписниците согласно Правилникот за внатрешното работење на јавните обвинителства како пример ќе бидат посочени предмети над кои беше извршен надзор по случаен избор и тоа:

Од надзорот за заведување на предметите примени на ден 02.01.2024 година се утврди дека предметите примени на ден 02.01.2024 година во уписник КОЖ се заведени во различни датуми од денот на прием, па така предметот КЖ.бр. 1012/23 бил примен на ден 02.01.2024 година, а бил заведен на ден 16.01.2024 година под КОЖ.бр. 85/24. Предметот КЖ.бр. 1055/23 бил примен на ден 02.01.2024 година, а бил заведен на ден 18.01.2024 година под КОЖ.бр. 146/24. Предметот КЖ.бр. 1062/23 бил примен на ден 02.01.2024 година, а бил заведен на ден 18.01.2024 година под КОЖ.бр. 155/24.

Од надзорот за заведување на предметите за ден 16.01. 2024 година се утврди дека под КОЖ.бр. 86/24 на ден 16.01. 2024 година е заведен предмет КЖ.бр.1014/23, приемен штембил на КОЖ.бр. 86/24 има на ден 26.12.2023 година, парафот е со 02.01.2024 година. На ден 16.01.2024 година под КОЖ.бр. 87/24 е заведен предмет КЖ.бр.974/23 кој што е примен на ден 21.12.2024 година. Приемен штембил на КОЖ.бр. 87/24 има на ден 21.12.2023 година, парафот е со 02.01.2024 година.

Од увидот во приемната пошта од 21.03.2024 година се утврди дека тој ден се примени следните предмети, КЖ.бр. 282/24 во Вишото јавно обвинителство Скопје е заведен е под КОЖ. 688/24, КЖ.бр. 285/24 во Вишото јавно обвинителство Скопје е заведен е под КОЖ. 689/24, КЖ.бр. 295/24 во ВЈО е заведен е под КОЖ. 690/24, КЖ.бр. 299/24 во Вишото јавно обвинителство Скопје е заведен е под КОЖ. 691/24, КЖ.бр. 305/24 во Вишото јавно обвинителство Скопје е заведен е под КОЖ. 692/24, КЖ.бр. 309/24 во Вишото јавно обвинителство Скопје е заведен е под КОЖ. 693/24, сите овие предмети се заведени на ден 25.03.2024 година.

Од увидот во тетратката за прием каде се запишуваат предмети доставени од страна на Апелациониот суд Скопје се утврди дека на ден 26.03.2024 година во Вишото јавно обвинителство Скопје се примени три предмети и тоа КСЖ.бр. 296/24, КСЖ.бр. 297/24 и КСЖ.бр. 298/24. Од увидот во уписникот за ден 26.03.2024 година се утврди дека на овој датум биле запишани КСЖ.бр. 294/24 (КОЖ.бр. 695/24) кој според тетратката за прием на пошта и приемниот штембил бил примен на 22.03.2024 година, КСЖ.бр. 295/24 (КОЖ.бр. 696/24) кој е примен на ден 21.03.2024 година, КСЖ.бр. 292/24 (КОЖ.бр.697/24) кој според приемниот штембил е примен на ден 22.03.2024 година, КСЖ.бр. 290/24 (КОЖ698/24) кој според приемниот штембил е примен на ден 22.03.2023 година, КЖ.бр. 310/24 (КОЖ.бр. 699/24), кој според приемниот штембил е примен на ден 22.03.2023 година, КЖ.бр. 310/24 (КОЖ.бр. 700/24), кој според приемниот штембил е примен на ден 22.03.2023 година, како и предметот КСЖ.бр.296/24 кој е примен на ден 26.03.2024 година и заведен истиот ден под КОЖ.бр. 701/24.

Останатите два предмети КСЖ.бр. 297/24 и КСЖ.бр. 298/24 примени на ден 26.03.2024 година не биле запишани истиот ден и биле парафирани со дата 01.04.2024 година при што предметот КСЖ.бр. 297/24 бил запишан во уписникот на ден 01.04.2024 година добил број

КОЖ.број 728/24, а предметот КСЖ.бр. 298/24 бил запишан во уписникот на ден 01.04.2024 година добил број КОЖ.број 724/24.

Во уписникот за ден 16.07.2024 година се заведени следните предмети КЖ.бр. 708/24 со број КОЖ.бр 1412/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 12.07.2024 година, КСЖ.бр.633/24 со број КОЖ.бр.1413/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 634/24 со број КОЖ.бр 1414/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КЖ.бр.711/24 со број КОЖ.бр 1415/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 12.07.2024 година, КСЖ.бр. 635/24 со број КОЖ.бр 1416/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр.637/24 со број КОЖ.бр 1417/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 638/24 со број КОЖ.бр 1418/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 639/24 со број КОЖ.бр 1419/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 640/24 со број КОЖ.бр 1420/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година,КСЖ.бр.642/24 со број КОЖ.бр 1421/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година,КЖ.бр. 712/24 со број КОЖ.бр 1422/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 12.07.2024 година, КСЖ.бр. 644/24 со број КОЖ.бр.1423/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 645/24 со број КОЖ.бр 1424/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КР.бр. 144/24 со број КОЖ.бр 1425/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КОКЖ.бр. 84/24 со број КОЖ.бр 1426/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 12.07.2024 година, КСЖ.бр. 647/24 со број КОЖ.бр 1427/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 641/24 со број КОЖ.бр 1428/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година,КСЖ.бр. 648/24 со број КОЖ.бр 1429/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 649/24 со број КОЖ.бр 1430/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 651/24 со број КОЖ.бр 1431/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КСЖ.бр. 652/24 со број КОЖ.бр 1432/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КЖ.бр. 716/24 со број КОЖ.бр 1433/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 16.07.2024 година, КСЖ.бр. 653/24 со број КОЖ.бр 1434/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КР.бр. 145/24 со број КОЖ.бр 1435/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година, КР.бр. 146/24 со број КОЖ.бр 1436/24, а предметот според увидот во тетратката за прием на пошта бил примен на 15.07.2024 година.

Од увидот во уписниците КОЖ1 за 2024 година се утврди дека заведувањето не се води согласно Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства, па така се утврди дека КО.бр.2276/23 на ОЈО Скопје бил примен на 01.02.2024 година, а во уписник

КОЖ1 е заведен на 09.02.2024 година, КО.бр.2854/24 на ОЈО Скопје бил примен на 01.02.2024 година, а во уписник е заведен на 09.02.2024 година, КО.бр. 2715/23 на ОЈО Скопје бил примен на ден 22.02.2024 година, а во уписник бил заведен на 18.03.2024 година, КО.бр.2991/23 на ОЈО Скопје бил примен на 20.06.2024 година, а во уписник бил заведен на ден 03.07.2024 година. КО.бр. 164/23 на ОЈО ГОКК бил примен на ден 30.08.2024 година, а бил заведен на 02.09.2024 година и добил број КОЖ1.бр.422/24, истиот ден на 02.09.2024 година бил примен КО.бр. 286/24 на ОЈО Велес но, истиот бил заведен на 10.09.2024 година под КОЖ1.бр 427/24. На ден 27.08.2024 година биле примени КО.бр. 745/23 на ОЈО Скопје и бил заведен на ден 02.09.2024 година под КОЖ1.бр. 421/24, КО.бр.1367/23 на ОЈО Скопје заведен на 02.09.2024 година под КОЖ1.бр.423/24.

Од погоре наведеното се утврди дека предметите не биле заведени во уписникот согласно Правилникот за внатрешното работење на јавните обвинителства.

Од увидот во заведувањето во уписниците РО за 2023 и 2024 година се констатира дека истите целосно се водат согласно Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства.

Исто така од уписниците се гледа дека не се почитува член 35 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства и при распределувањето на предметите во повеќе случаи не се следи распоредот на јавните обвинители според годишниот распоред за работа. Во делот на распределбата на предметите постојат ситуации кога римскиот број на јавниот обвинител на кој бил заведен предметот се прецртува и се запишува број на друг јавен обвинител, без во графата забелешка да се наведе зашто.

Со непочитувањето на член 22 , член 30 и член 35 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства се создава можност за неправилно распоредување на предметите кај јавните обвинители поради што е потребно во иднина доследно да се применува Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства.

Исто така беше вршен надзор и над почитување на одредбите од чл. 36 и 37 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства односно во делот за реферирање на предмети пред Вишо јавно обвинителство Скопје. Беше констатирано дека од страна на јавнообвинителскиот службеник кој бил задолжен за водење на записници за реферирање не се води редовна евиденција за извршените реферирања ниту се изготуваат навремени записници. При контролата се утврди дека за 2023 година и 2024 година има само 4 ситуации за кои постои писмена евиденција дека биле реферирани предмети. Се утврди дека записниците се во ракопис и тоа како забелешки а писмени записници од овие реферирања службеникот изготви во текот на контролата.

Во делот на реферирањето на предметите од пониските јавни обвинителства пред Вишото јавно обвинителство Скопје, досегашната пракса е тие предмети да не се заведуваат во посебен уписник, но имајќи го во предвид фактот дека сме во фаза на изготвување на нов електронски систем за водење на предметите треба да се размисли истите реферирања да се заведуваат во А уписник или ДОВ уписник и да добиваат број со цел понатаму да се вметнуваат во самиот систем со ограничен пристап за тоа кој може да ги гледа.

Од месечните извештаи на јавните обвинители за периодот за кој се вршеше надзор се утврди дека јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје генерално ги почитуваат законските рокови за изготвување на одлуките.

По однос на квалитетот на одлуките, освен во предметите кои се посебно анализирани со надзорот се утврди дека јавните обвинители одлуките ги изготвуваат стручно и професионално. Јавните обвинители активно учествуваат во сите фази од постапката меѓутоа забележано е и дека јавните обвинители од Вишото јавно обвинителство Скопје отсуствуваат од дел од јавните седници.

При надзорот не се утврдени забелешки во поглед на угледот и етичноста на јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје во вршење на функција.

Во поглед на соработката и однос спрема странки и други вработени во обвинителството треба да се нагласи дека на ден 22.10.2024 година до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија повикувајки се на надзорот кој беше извршен на ден 10.10.2024 година и 14.10.2024 година беа доставени пет поднесоци насловени како Известување за вршење на притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и запознавање со начинот на распределба на предмети со прилози од Даниела Лапе - јавнообвинителски референт во Вишо јавно обвинителство Скопје, Ружица Јосифова - помлад јавнообвинителски референт во Вишо јавно обвинителство Скопје, Жаклина Никодиновска - записничар во Вишо јавно обвинителство Скопје, Валентина Калиновска –записничар втора категорија во Вишо јавно обвинителство Скопје и Ружица Слезенковска претходно вработена во Вишо јавно обвинителство Скопје со прилози.

Согласно одлуката за вршење на надзор од страна на службите во Вишо јавно обвинителство Скопје на увид ни беа дадени предмети за кои во текот на 2023 година и 2024 година јавните обвинители од Вишо јавно обвинителство Скопје се откажале од жалба и предмети каде јавните обвинители се откажале од обвинение.

Во текот на контролата на увид ни беа дадени и беше извршен надзор во предметите : КОЖ бр.176/23, КОЖ бр.59/23, КОЖ бр.1877/23, КОЖ. бр.492/24,КОЖ.бр.559/23, КОЖ. бр.311/24, КОЖ. бр.65/23, КОЖ. бр.628/21,КОЖ.бр.1426/23,КОЖбр.701/24,КОЖ бр.560/23, КОЖ бр.1869/23, КОЖ бр.568/23, КОЖ бр.718/23, КОЖ бр.1187/23, КОЖ.бр. 967/23, КОЖ.бр. 419/23, КОЖ.бр. 1121/23, КОЖ.бр. 1799/23, КОЖ 892/23, КОЖ.бр. 880/23, КОЖ бр. 445/23, КОЖ бр.511/23, КОЖ.бр. 372/23, КОЖ.бр. 890/23, КОЖ.бр. 1801/23, КОЖ.бр. 1804/23, КОЖ.бр. 1632/23, КОЖ.бр. 1533/23 , КОЖ бр. 1799/23, КОЖ бр. 1900/23, КОЖ.бр. 1190/23 . КОЖ бр. 1445/23, КОЖ бр.1154/23 и КОЖ бр.429/24.

Од извршениот надзор се констатира дека јавните обвинители во Вишо јавно обвинителство Скопје не ги почитуваат доследно Задолжителното упатство Дов.бр.14/2013 од 23.04.22013 година и измените и дополнувањата на Задолжителното упатство Дов.бр.14/2013 од 03.10.2017 година.

При надзорот се утврди дека при повлекувањето на жалбите или откажувањето од обвинение во дел од предметите не се изготвени службени белешки и укажувања до основните јавни обвинителства, а во дел од предметите не е известен Вишиот јавен обвинител за намерата за повлекување на жалбата.

Така во предметот КОЖ.бр.559/23 има службена белешка за причините на повлекување на жалбата, но нема укажување до основното јавно обвинителство и нема доказ дека е известен Вишиот јавен обвинител. Предметот КОЖ.бр. 59/23 според забелешките во предметот е реферирн но нема службена белешка за причините за повлекувањето на жалбата ниту пак има укажување до основното јавно обвинителство. Во предметот КОЖ.бр.568/23 има изготвена службена белешка и укажување но, нема доказ дека е известен Вишиот јавен обвинител.

Од анализата на службените белешки може да се заклучи дека во одредени предмети во службените белешки не се јасно образложени причините за повлекувањето на жалбите. Таков е случајот со предметот КОЖ.бр.1426/24. Од увидот во предметите каде биле повлечени жалби или обвиненија се утврди дека Вишиот јавен обвинител за дел од јавните обвинители кои не постапиле по задолжителните упатства поднел предлог за поведување на дисциплинската постапка.

Од увидот може да се констатира дека во предметите КОЖ.бр. 967/23, КОЖ.бр. 419/23, КОЖ.бр. 1121/23, КОЖ.бр. 1799/23, КОЖ 892/23, КОЖ.бр. 880/23, КОЖ бр. 445/23, КОЖ бр.511/23, КОЖ.бр. 372/23, КОЖ.бр 967/23, КОЖ.бр. 890/23, КОЖ.бр. 1801/23, КОЖ.бр. 1804/23, КОЖ.бр. 1632/23, КОЖ.бр. 1533/23 , КОЖ бр. 1799/23, КОЖ бр. 1900/23 КОЖ.бр. 1190/23 и КОЖ.бр.1154/23 донесени се одбивателни пресуди но во предметите нема доказ дека истите биле реферирани пред Вишиот јавен обвинител. Од надзорот над овие предмети се утврди дека се работи за предмети во кои јавниот обвинител предлага судот по службена должност да донесе одбивателна пресуда заради настапена застареност.

Во овој дел по однос на предметите кои се однесуваат на поднесени предлози од јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје да во предметите по повод жалби, а по службена должност да се донесе одбивателна пресуда заради настапена застареност, сметаме дека имајќи го во предвид фактот дека законска обврска на секој јавен обвинител е да внимава на настапена застареност на кривично гонење, задолжителното упатство во смисла на изготвување службена белешка, изготвување на укажување и реферирање на предметот пред Вишиот јавен обвинител е несоодветно и во овој дел може да се размислува во иднина можеби само Вишиот јавен обвинител да биде известен за таквиот предлог, а не и да се изготвуваат службени белешки и укажувања.

Ценејќи ги констатираните состојби потребно е јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје доследно да ги почитуваат Задолжителното упатство Дов.бр.14/2013 од 23.04.22013 година и измените и дополнувањата на Задолжителното упатство Дов.бр.14/2013 од 03.10.2017 година и пред повлекувањето на жалбата да го известат Вишиот јавен обвинител за намерата за повлекување на жалбата а по повлекувањето на жалбата јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство со писмено укажување да го извести основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство од каде била изјавена жалбата. Службените белешки и укажувањата кои се составуваат при

повлекување на жалбата треба да бидат јасни и во истите детално да се образложи зошто јавните обвинители од Вишото јавно обвинителство ценат дека жалбата е неоснована, а првостепената судска одлука законита.

Цел на надзорот беше дали јавните обвинители во Вишо јавно обвинителство Скопје при повлекување на жалби или обвиненија постапувале законито, стручно и професионално.

Од извршениот надзор во предметите КОЖ.бр. 65/23 , КОЖ 1187/23 , КОЖ.бр. 701/24 и КОЖ.бр. 1426/24 произлезе дека во поглед на законитото и стручно постапување во истите треба да биде извршена дополнителна и подетална анализа согласно член 6 од Правилникот за вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства и одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр. 03–673/2 од 12.11.2024 година.

КОЖ 65/23 Предметен јавен обвинител Јован Цветановски

Основниот кривичен суд Скопје има донесено пресуда К.бр. 238/18 од 04.07.2019 година со која обвинетите Драган Павловиќ Латас, Звездан Павловиќ и Срѓан Павловиќ се ослободуваат од обвинение за кривично дело Бесправно градење од член 244-а ст.1 од КЗ согласно чл. 403 ст. 1 т.1 односно делото за кое се обвинуваат не е криично дело според закон. По вложена жалба од Основно јавно обвинителство Скопје пресудата била укината со решение КЖ.бр.863/19 од 19.05.2020 година. Предлогот на Вишото јавно обвинителство Скопје КОЖ.бр. 1402/19 од 25.11.2019 година бил да се одбие жалбата на Основно јавно обвинителство Скопје како неоснована.

По повторената постапка, Основниот кривичен суд Скопје донел пресуда К.бр. 1925/20 од 18.07.2022 година со која обвинетите Драган Павловиќ Латас, Звездан Павловиќ и Срѓан Павловиќ се ослободуваат од обвинение за кривично дело Бесправно градење од член 244 -а ст. 1 од КЗ согласно член 403.ст.1 т.3 односно јавниот обвинител не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува. По вложена жалба од Основно јавно обвинителство Скопје во Вишото јавно обвинителство Скопје е оформен предметот КОЖ.бр. 65/23 во кој со писмен предлог од 27.01.2023 година се предлага жалбата да се одбие како неоснована. Со решение на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 1083/22 од 10.03.2023 година жалбата се уважува, пресудата се укинува и се закажува расправа пред второстепен суд.

На расправа од 19.09.2023 година одбраната доставува нов доказ – вешт наод и мислење и еден примерок е даден на јавниот обвинител. Јавниот обвинител побарал одлагање на расправата за да може да го разгледа доставеното вештачење.

На ден 06.11.2023 година е сочинет записник за реферирање на КОЖ.бр. 65/23 во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија на кое присуствувале Јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љубомир Јовески, јавните обвинители од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија Ферат Елези и Соња Симовска,

како и Вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи и јавниот обвинител Јован Цветановски.

За извршеното реферирање од службеникот во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија кој го водел записникот за потребите на надзорот беше прибавен записникот од реферирањето при што ни беа доставени записник во ракопис кој се водел при реферирањето и искуцан записник од извршеното реферирање. Во записникот во ракопис Вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи наведува дека со писмо се обратиле до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија побарале реферирање за да се заземе единствен став за предмет отпочнат во Специјалното јавно обвинителство. Се работи за предмет на Латас КОЖ.бр. 65/23 на Вишо јавно обвинителство Скопје , обвинети се три лица Латас и двајцата браќа за чл. 244 а за бесправно градење. Во записникот стои - прв степен ослободитлена дека нема дело, по жалба на обвинителство предметот е укинат. Потоа се наведува дека во второто судење повторно се ослободени дека нема докази. Нема нови докази, преотворени се истите докази: Наод и мислење од Специјалното јавно обвинителство од Кире Јакимовски – доктор на технички науки, овој наод и мислење не претставува вештачење и не може да биде предмет на одлука како доказ. Не е побарано иако постоел доказ за снимки (авионски снимки) и вештачењето не го утврдува времето кога е почнато градењето. Во предметот има договор за градба, градежни книги, сега по барање на одбраната е изготвено вештачење дека се работи за дополнителни работи. Пресуда на ВСРМ КЗЗ 10/17 не можеме да ја земеме во предвид.Имаме друга ситуација, државата не реагирала на време и сега има и одобрение за градба. Сите пресуди за член 244-а, секаде е потврдено дека градежниот инспектор излегол на лице место и направил записник. Дали е отпочнато градењето има поднесено барање за издавање одобрение за градба до општина Зелениково. Со пресуда КЗЗ 15/10 судот утврди дека има одобрение за градба, обвинетиот има право дополнително да поднесе барање за проширување на одобрението и судот смета дека нема дело. Ова кривично дело бара умисла. Овде нема умисла. Согласно член 121 од Законот за сопственички права градител на објект на сопствено земјиште, сопственоста ја докажува пред судот. Заклучокот е дека немаме доказ кога е започната градбата, а имаме доказ дека има потпорни зидови. Тука немаме кривично правен основ да гониме во случај кога немаме доказ кога е отпочнато градењето.

Јавниот обвинител Соња Симовска по излагањето на предметот, го изнела следното мислење – По однос на почетокот на градењето прво google chart кој викаш дека е незаконски има повеќе снимки, првата е пред градењето до јануари 2011, а геодетскиот инженер во април 2012 година констатирал дека веќе градењето е отпочнато. Договорите за градење се направени во јуни 2011 година според сведокот Злате Атанасовски (почеток на градење). Сите работи се завршени пред да се добие одобрение. И од снимките и од елаборатот излегува дека има изградено и подрум што значи дека тоа не спаѓа во подготвителното дејствие, овие факти ми укажуваат јуни – јули 2011 година е отпочнато градењето исто така и Дејан има констатирано дека има изградено подрумски простории. Не можам да тврдам дека немало умисла. Постои термин на почеток на градбата согласно повеќе докази, има снимени разговори за градежните работи пред издавањето на одобрението за градење. Кровот е направен април 2012 година.

Јавниот обвинител Ферат Елези во однос на реферирањето на Вишо јавно обвинителство Скопје го дал следното милење – мислам спротивно на вашиот став тука

постои дело. Започнато е 2011 година, во 12.12.2012 година поднеле барање за одобрение кое е издадено 2013 година. Законот за градење вика дека се што е започнато да се гради без одобрение е бесправно градење. Ако објектот е изграден без одобрение во член 77 од Законот за градење вика дека треба да се добие одобрение и за подготвителни работи. Во поглед на умислата сметам дека имаме умисла, местото не било урбанизирано, било земјоделско земјиште, а поднеле барање за пренамена на земјиштето, иако тоа го знаеле тие без одобрение за пренамена поднеле барање за одобрение за градење. Се додека овие постапки не се завршени секоја градба е бесправна.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љубомир Јовески во однос на реферирањето на Вишто јавно обвинителство Скопје го дал следното мислење – Се чудев што слушам кога беше објавена првата пресуда, еден од ретките случаи каде што немаше барање за иземање на судијата, судот определил нов Совет. Јасна е одлуката на ВСРМ во однос на БЗЗто. Тука имаме време кога е отпочнато градењето, не знам што не му е јасно на судот. За мене неспорен е фактот дека кога почнале да градат немале одобрение. Ферат добро го образложи делот за подготвителните работи. Судот мора да го каже фактот на времето кога е отпочнато градењето, да се држиме до теоријата предложи докази во насока која ја образложија Соња и Ферат, не бидете оптоварени со одземањето на објектот тоа судот нека одлучува.

Во записникот стои дека Вишиот јавен обвинител навел дека имаме случај за дивоградба кај Мавровка но брзо се реагираше и се сруши.Јавниот обвинител Јован Цветановски навел – да се прибави од Агенцијата за катастар да се направи ново вештачење. Вишиот јавен обвинител навел да се достават авионските снимки, да се оспори ова вештачење и да се продолжи со предметот.Јавниот обвинител Ферат Елези навел да се побара ново вештачење.Јавниот обвинител Јован Цветановски наведува судот ќе ми го одбие. Заклучок да се поднесе жалба и на главна расправа да се избори со доказите и да се побара ново вештачење.

Заклучокот по однос на реферирањето – Јавниот обвинител кој го застапува предметот пред Апелациониот суд да предложи да изготви вештачење дали преземените дејствија во предметот во градежните работи претставуваат подготвителни дејствија и да се утврди датумот на отпочнување на градежните работи. Да се повика вешто лице на главната прасправа и да се расчистат дилемите.

Од увидот во записникот од 07.11.2023 се утврди дека на расправата од 07.11.2023 година се преизведуваат сите вербални и материјални докази изведени како доказ пред првостепениот суд, а одбраната на обвинетите предлага дополнување на доказната постапка со нов доказ – наод и мислење изготвен од вешто лице Методија Цивкароски. Јавниот обвинител не предложил нови докази.

Јавниот обвинител се произнел дека на претходното рочиште ги изнел причините зошто обвинителството цени за потребно да се изврши ваков вид вештачење, со дополнување дека обвинителството го прифаќа ова вештачење како доказ но, постои дел во кој ќе бидат потребни дополнителни појаснувања да се рчисти како дилема и тоа од вештото лице изготвувач на вештачењето а дилемата се состоти во следното : прво дилемата е на страна 19 во вештачењето имено вештото лице потврдува дека во правниот

сообракај како службен доказ кој се користи за утврдување на сосотојбите на терен е постоење на ГИС на Агенцијата за катастар на недвижности па доколку постои можност вештото лице за наведениот период да ја утврди состојбата како што била утврдена во диспозитивот и вештачењето од обвиниелството односно да направи уште една компаративна аналза дали податокот што го дава во вештачењето одговара со податоците од ГИС. Второ дилемата е по однос на два термина во вештачењето имено се наведуваат термините подготвителни работи и претходни работи . Во чл. 2 од Законот за градење е наведено што е претходна работа , а што е подготвителна работа и според чл. 72 и 73 од истиот закон е прецизирано што е потребно за одобрение за подготвителни работи односно дали се работи за објекти кои се во функција на изградба на градбата или вештото лице во образложението на вештачењето го споменува чл. 73 од истиот закон каде што одобрение за градење не е потребно и таксатативно се наброени кои градби. Јавниот обвинител побарал да се повика вештото лице заради можност за негово вкрстено испитување, по што расправата е одложена за 12.12.2023 година. Јавниот обвинител не постапил согласно заклучокот и изнесените ставови и не предложил да се изготви вештачење туку го прифатил вештачењето доставено од обраната.

На расправата на 12.12.2023 година одбраната вршела распит на вештото лице Методија Цивкароски кој на барање на одбраната претходно изготвил писмен вешт наод и мислење по прашања поставени од одбраната. Јавниот обвинител вршел вкрстен распит на вештото лице при што му биле поставени две прашања . Прво – јавниот обвинител во вкрстен распит го поставил следното прашање: „ Имајќи во предвид дека вештото лице при изготвувањето на вештиот наод и мислење се повика на документацијата која била приложена во текот на постапката прашањето е дали на увид го имал наодот и мислењето од јавното обвинителство под број НКС КО број 10/17 од 2017 година?„ Вештото лице му одговорило: „Не сум го имал на увид„. Второто прашање во делот на ГИЗ прашањето е дали вештото лице може да го објасни техничкиот дел односно како ГИЗ се храни со податоци со кои подоцна можат правосудните органи или заинтересираните страни да направат увид во фактичката состојба?„ во одговор вештото лице навело „ не ми е познато бидејќи јас сум градежник„.

Јавниот обвинител на расправата не ги поставил прашањата кои ги најавил на записник од 07.11.2024 година, а на поставените прашања не добил одговор од вештото лице на спорните прашања од реферирањето пред Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Завршен збор во предметот е даден на ден 21.03.2024 година во кој јавниот обвинител го повлекол обвинителниот акт на Основното јавно обвинителство Скопје КО.бр. 2938/19 против обвинетите Драган Павловиќ Латас, Звездан Павловиќ и Срѓан Павловиќ за кривично дело Бесправно градење од член 244а од КЗ. Јавниот обвинител ги образложил своите причини на самиот записник.

Изготвена е службена белешка од 18.01.2024 година.

Имајќи ја во предвид погоре изнесената фактичка состојба неспорна за тројцата јавни обвинители кои го вршеа надзорот и Одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр.03-672/2 од 12.11.2024 година, надзорот да се произнесе за почитувањето

на насоките дадени од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во ситуација кога предметите биле реферирани пред Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, јавните обвинители се произнесуваат за следното:

Јавните обвинители Лиле Стефанова и Елвин Вели сметаат дека видно од изнесените мислења и ставови на јавните обвинители пред кои бил рефериран предметот и постапувањето на јавниот обвинител на расправата пред Апелациониот суд се заклучува дека јавниот обвинител постапил спротивно на член 37 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства според кој заземениот став и мислење по реферирањето е задолжителен за пониското јавно обвинителство.

Јавниот обвинител Џелал Бајрами е на став дека предметниот јавен обвинител од Вишо јавно обвинителство Скопје постапил согласно тоа што било како заклучок во записникот за реферирање пред Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

КОЖ.бр. 1187/23 -Предметен јавен обвинител Јован Цветановски

Од увидот во предметот се утврди дека Основен суд Неготино има донесено пресуда К.бр. 132/21 од 20.06.2022 година со која обвинетите Ѓорѓи Лазов и Илија Вангелов се огласени за виновни за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 1 од КЗ и обвинетото правно лице ДПТУ С.О.С. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОО Неготино е огласено за виновно за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 4 в.в. став 1 од КЗ

Незадоволни од ваквата пресуда жалби изјавиле обвинетите по која во Вишото јавно обвинителство Скопје бил оформен предмет КОЖ.бр. 1491/22

На ден 26.10.2022 година од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје вратени се списите на предметот до Апелациониот суд Скопје со писмен предлог КОЖ.бр. 1491/22 во кој се предлага да се одбијат како неосновани жалбите на обвинетите Ѓорѓи Лазов и Илија Вангелов за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 1 од КЗ и обвинетото правно лице ДПТУ С.О.С. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОО Неготино за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 4 в.в. став 1 од КЗ. Во предлогот на ВЈО Скопје се истакнува дека се неосновани жалбените наводи за сторени суштествени повреди на кривичната постапка, дека фактичката состојба е правилно утврдена и дека нема повреда на КЗ. На ден 02.12.2022 година е примена покана за јавна седница.

Со решение на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 917/22 од 03.02.2023 година пресудата е укината и предметот е вратен на повторно одлучување. Од од увидот во решението се утврди дека јавниот обвинител Јован Цветановски не бил присутен на седницата.

Решението на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 917/22 од 03.02.2023 година до Вишото јавно обвинителство Скопје е доставен на ден 22.02.2023 година каде со пенкало е заведен датумот,а нема приемен печат. Постои параф да се даде на јавен обвинител од

24.02.2023 година, а од страна на надлежниот јавен обвинител ставен е а/а на ден 19.06.2023 година.

Во повторената постапка Основен суд Неготино донел нова пресуда К.бр. 35/23 од 08.05.2023 година со која повторно обвинетите Ѓорѓи Лазов и Илија Вангелов се огласени за виновни за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 1 од КЗ и обвинетото правно лице ДПТУ С.О.С. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОО Неготино е огласено за виновно за кривично дело Точење алкохолни пијалоци на дете од член 204 став 4 в.в. став 1 од КЗ

По втор пат предметот е пристигнат во Вишото јавно обвинителство Скопје на ден 18.07.2023 година видно од приемен печат, а на 19.07.2023 година е парафиран од шефот и е оформен предметот КОЖ.бр. 1187/23.

На ден 23.08.2023 година од страна на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски до Апелациониот суд Скопје е доставен писмен предлог КОЖ.бр. 1187/23 со кој се предлага жалбите на обвинетите да се одбијат како неосновани. Во предлогот јавниот обвинител навел дека првостепениот суд при носењето на пресудата нема сторено суштествени повреди на одредбите на постапката, судот извел доволно докази преку кои со сигурност ја утврдил фактичката состојба, а одбраната на обвинетите ја проверил и ценел во корелација со изведените докази. Во писмениот предлог се наведува дека по конкретниот кривично правен настан по донесената првостепена пресуда предметот бил под судска опсервација во жалбена постапка, по укинатата пресуда, а при повторното одлучување првостепениот суд постапил во целост по напатствијата од решението на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 917/22 од 03.02.2023 година, отстранувајќи ги сите констатирани повреди, видно од пресудата спорниот доказ – фотографиите на малолетното дете- оштетениот не се предмет на доказна постапка, а од друга страна истите се ирелевантни бидејќи фактичката состојба и хронологијата на настанот произлегува од сослушаните службени лица.

Во предметот има покана покана за јавна седница со примене штембил 20.09.2023 година на која нема параф.Во предметот се наога покана за главна расправа со приемен штембил од ден 27.11.2023 година на која има параф да се реферира и напишано е дека е реферирано на ден 25.12.2023 година.

На расправа на ден 26.12.2023 година јавниот обвинител се откажува од обвинението.

Од увидот во пресудата на Апелациониот суд Скопје на расправата пред судот не бил извведен ниту еден нов доказ и со ништо не била променета фактичката состојба од моментот на давањето на предлогот КОЖ.бр. 1187/23.

Изготвена е службена белешка КОЖ.бр. 1187/23 од 26.12.2023 година во која се наведува дека јавниот обвинител се откажал од обвинението поради немање на докази. Исто така се наведува дека првостепениот суд не ја отстранил повредата, не постапил по напатствијата на повисокиот суд и донел повторно осудителна пресуда. Во службената белешка и во укажувањето доставено до Основното јавно обвинителство Кавадарци со

истиот датум се наведува дека јавниот обвинител не ја спровел истражната постапка во целост и дека не ги обезбедил предметите како доказ од извршеното кривично дело и поднел обвинение без докази со што е повреден концептот на правичност кој подразбира судење во кои доказите би биле подложни на контрадикторно тестирање и ќе бидат презентирани пред суд.

Пресудата КЖ.бр. 621/23 на Апелациониот суд Скопје е доставена еднаш преку Основниот суд Неготино и на истата не е ставен штембил туку со пенкало е наведен датум 26.03.2024 година, има параф од Вишиот јавен обвинител со датум 25.03.2024 година, а потоа е доставена и од страна на Апелациониот суд Скопје на ден 22.04.2024 година кој датум е наведен со пенкало, нема штембил а има печат само со бројки 29.04.2024 година и е напишано со пенкало дека е копија.

Имајќи ја во предвид погоре изнесената фактичка состојба неспорна за тројцата јавни обвинители кои го вршеа надзорот и одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр.03-672/2 од 12.11.2024 година, надзорот да се произнесе по однос на стручност, професионалност и законитост на постапувањето јавните обвинители се произнесуваат за следното :

Јавните обвинители Лиле Стефанова , Елвин Вели и Џелал Бајрами сметаат дека имајќи ги во предвид писмените предлози во двете постапки и ставовите искажани во нив, а во ситуација кога на главната расправа не се изведени нови докази, со откажувањето од обвинението јавниот обвинител не постапил професионално, стручно и законито.

<u>КОЖ.бр. 701/24 - Предметен јавен обвинител Јован Цветановски</u>

Предметот е оформен по изјавена жалба на Основното јавно обвинителство Скопје против решението на Основен кривичен суд Скопје КООА.бр. 123/23 од 23.11.2023 година со кое се уважени приговорите на обвинетите Спасо Ѓоргиев и правното лице ДПТУ СЕРТА ДООЕЛ увоз извоз Скопје против обвинителниот акт на Основното јавно обвинителство Скопје КО.бр.3407/22 за кривично дело против обвинетиот Спасо Ѓоргиев - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ и за правното лице ДПТУ СЕРТА ДООЕЛ увоз извоз Скопје - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ. Основно јавно обвинителство Скопје на ден 29.01.2024 година на решението КООА.бр. 123/23 од 23.11.2023 година изјавило жалба.

Предметот е доставен од страна на Апелациониот суд Скопје до Вишото јавно обвинителство Скопје на ден 26.03.2024 година кога во Вишото јавно обвинителство Скопје е оформен предмет КОЖ.бр. 701/24. Дописот од Апелационен суд Скопје е парафиран истиот ден со напомена – да се реферира.

На ден 29.03.2024 година од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје со писмен допис од Ооcновното јавно обвинителство Скопје се побарани списите од предметот КО.бр. 3407/22 и писмена информација со опишана хронологија и динамика на

преземени дејствија од страна на јавното обвинителство при обработка на овој кривично правне настан.На ден 08.04.2024 година од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје е доставена ургенција за претходното барање.На ден 09.04.2024 година од страна на Основното јавно обвинителство Скопје се доставени списите од предметот КО.бр. 3407/22 со писмена информација за постапувањето по предметот.

На ден 09.04.2024 година од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје е доставен писмен поднесок КОЖ.бр. 701/24 до Апелациониот суд Скопје со кој се известува судот дека согласно член 412 став 2 од ЗКП, Вишото јавно обвинителство Скопје се откажува од изјавената жалба. На папката од предметот КОЖ.бр. 701/24 е напишано дека предметот е рефериран на 09.04.2024 година со параф од Вишиот јавен обвинител.

Од увидот во службена белешка КОЖ.бр. 701/24 од 09.04.2024 година видно е дека јавниот обвинител ги анализира доказите приложени кон обвинителниот акт што е спротивно на одредбите од Законот за кривична постапка член 336 и член 337 од ЗКП имајќи ја во предвид фазата во која се наоѓал предметот.

Во оваа насока е и правното мислење на ВСРМ од 07.12.2021 година дека Советот за оцена на обвинителен акт не ги анализира доказите ниту пак го оценува квалитетот на доказите туку внимава само дали некој доказ е прибавен на незаконит начин, нешто што требало да биде фокус за произнесување на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје.

За истиот предмет е донесена пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија КЗЗ.бр. 34/24 од 11.09.2024 година. Во оваа пресуда е констатирана повреда на законот во корист на обвинетите а во самата пресуда е наведено дека ваквата повреда, сторена од страна на Советот за оцена на обвинителен акт, можела да биде санирана доколку Вишиот јавен обвинител не се откажал од изјавената жалба.

Имајќи ја во предвид погоре изнесената фактичка состојба неспорна за тројцата јавни обвинители кои го вршеа надзорот и одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр.03-672/2 од 12.11.2024 година, надзорот да се произнесе по однос на стручност, професионалност и законитост на постапувањето јавните обвинители се произнесуваат за следното :

Јавните обвинители Лиле Стефанова и Елвин Вели сметаат дека со откажувањето од жалбата на Основното јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје не постапил професионално, стручно и законито и се впуштил во анализа на докази и постоење на умисла за сторување на кривично дело, нешто што требало да го утврдува надлежен суд во контрадикторна постапка.

Јавниот обвинител Џелал Бајрами смета дека јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје постапил согласно неговите надлежности.

За овој предмет од страна на јавнообвинителски службеник Даниела Лапе вработен во Вишото јавно обвинителство Скопје доставено е Известување за вршење на притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и запознавање со начинот на распределба на предмети со прилози во кое е

наведено дека „за предметот СЕРТА ми беше кажано да му го заведам и дадам на јавниот обвинител Јован Цветановски„

КОЖ.бр. 1426/24 јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство –Јован Цветановски

Од извршената контрола во предметот КОЖ.бр. 1426/24 се утврди дека Основен кривичен суд Скопје со решение КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 година ја запрел кривична постапка против Томе Главчев, Ратко Димитровски и Зоран Шуклев обвинети за кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, поради како што е наведено постоење на други околности што го исклучуваат кривичното гонење. Во решението судот не навел член од ЗКП по кој ја запира кривичната постапка . На вака донесено решение била вложена жалба од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Од увидот во предметот се утврди дека предметот во Вишото јавно обвинителство Скопје бил примен на ден 12.07.2024 година со параф од Вишиот јавен обвинител од 12.07.2024 година со напомена да се реферира. Предметот бил рефериран на ден 05.09.2024 година пред Вишиот јавен обвинител. На 11.09.2024 година од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје до Апелационен суд Скопје е доставено писмено известување дека согласно чл. 412 ст. 2 од ЗКП се откажува од жалбата изјавена од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во предметот има допис со кој на ден 11.09.2024 година до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се доставуваат списи. Во списите на предметот нема записник од 13.06.2024 година.

Овој предмет беше земен по завршената контрола заради подетална анализа на постапувањето на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје. По доставениот допис од Вишото јавно обвинителство Скопје до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на ден 11.09.2024 беше оформен предмет А.бр.03-633/1. Овој предмет е споен со предметот на надзорот и списите од службената белешка и укажувањето од ВЈО Скопје и другите списи од овој предмет ќе бидат предмет на анализа во насока на одлуката на Јавниот обвинител обвинител на Република Северна Македонија од 12.11.2024 година.

На ден 25.09.2024 година од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има доставено известување во врска со откажување од жалба во предметот КО.бр. 121/19 од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје. Во известувањето се наведува дека невистинити биле наводите во укажувањето дека јавниот обвинител на главната расправа не се противел на предлогот на одбраната судот да донесе одлука со која се запира постапката против обвинетите кој факт лесно можел да се провери од решението за запирање на постапката и записникот за главна расправа, дека постои бланкетна норма и во диспозитивот на обвинителниот акт односно бил наведен член 38 од Законот за банки и дека во предметот не постојат записници за контрола изготвени во 2001 година од НБРМ како што било наведно во укажувањето.

Со доставеното известување доставен е и записникот од 13.06.2024 година кој како што е констатирано погоре го нема во списите на предметот КОЖ.бр.1426/24.

Во записникот од 13.06.2024 година во излагањето на јавниот обвинител стои ,,имајќи ги предвид последните предлози од страна на одбраната кои што се изнесени и по однос на измената на КЗ, по што јас извршив и прецизирање на обвинителниот акт, одбраната приговара на околности за кои како што кажав минатиот пат имаме различни размислувања, а кои се однесуваат на сериозни правни прашања кои што произлегоа од наведените измени, а и воопшто со примената на КЗ. Имајќи го во предвид наведениот факт јас би сакал да не се противам да се одлучи во моментов од страна на судечкиот совет за конкретните приговори со цел да добиеме јасна одлука од судот со оглед на наведените околности, за кои имаме различни размислувања со одбраната, после евентуалната одлука на судот да го знаеме ставот на судот по овие околности, а со цел заради ефикасност на процесот и целисходноста на постапката,,

Во службената белешка од Вишото јавно обвинителство Скопје по однос на наведеното стои ,,жалбата на јавниот обвинител на решението на Основен кривичен суд Скопје – одделение за организиран криминал и корупција КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 година, Вишото јавно обвинителство Скопје имајќи ги во предвид преземените процесни дејствија во текот на кривичната постапка која се водела пред надлежниот суд цени дека жалбата е арбитрарна бидејќи во истата нема релевантни наводи, врз основа на кои се бара укинување на решението, истите се контадикторни со ставот на јавен обвинител искажан на главната расправа во која навел дека не се противи со предлогот на одбраната судот да донесе одлука со која се запира постапката против обвинетите, иако имале различни размислувања за истите без да ги најави или да се произнесе,,

Од увидот во записникот КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 година и решението КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 се утврди дека јавниот обвинител на записник КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 година нема наведено дека не се противи со предлогот на одбраната судот да донесе одлука со која се запира постапката против обвинетите.

Во прилог на известувањето од на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција беше доставена и листа на докази при што од увидот во истата се утврди дека доказ Записници од Народна банка на Република Македонија изготвени во текот на 2001 година од спроведените контроли на работењето на Поштенска Банка АД Скопје нема, иако во службената белешка е наведено дека овие докази биле предложени во иницијалниот обвинителен акт.

Во поглед на изнесеното дека измените на диспозитивот на обвинителниот акт не содржат бланкетните норми, од увидот во актот се утврди дека во точка 1 алинеја 1 од актот кој останал во правна сила се наведува дека со добивање на акции од Поштенска банка постапувајќи спротивнó од член 38 од Законот за банки, што претставува бланкетна норма на која се повикува јавниот обвинител.

Службената белешка во која се објаснети причините за повлекување на жалбата целосно е контрадикторна и нејасна . Наводите во истата не кореспондираат со причините зошто е поднесена жалба на решение КОК.бр. 124/21 од 13.06.2024 година ниту има

причини зошто јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје смета дека донесеното решение е законито па било одлучено жалбата да се повлече и да не се дозволи Апелационен суд Скопје да се произнесе по наводите во жалбата на на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Имајќи ја во предвид погоре изнесената фактичка состојба неспорна за тројцата јавни обвинители кои го вршеа надзорот и одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија А.бр.03-672/2 од 12.11.2024 година, надзорот да се произнесе по однос на стручност, професионалност и законитост на постапувањето јавните обвинители се произнесуваат за следното :

Јавните обвинители Лиле Стефанова и Елвин Вели сметаат дека со откажувањето од жалбата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје не постапил професионално , стручно и законито.

Јавниот обвинител Џелал Бајрами смета дека предметниот јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје постапил согласно неговите надлежности како јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Лиле Стефанова

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Елвин Вели

Прилог на извештајот се:

1.службена белешка А.бр.03-672/1 од 18.10.2024 година и службена белешка А.бр.03-672/1 од 2410.2024 година на јавен обвинител Лиле Стефанова ,

2. службена белешка А.бр.03-672/1 од 17.10.2024 година на јавниот обвинител Елвин Вели

3. службена белешка на јавниот обвинител Џелал Бајрами,

4. Предмети прибавени со писмен допис А.бр.0302-272/24 од 14.10.2024 година и тоа КОЖ.бр. 65/23 , КОЖ 1187/23 , КОЖ.бр. 701/24 и КОЖ.бр. 1426/24.

5. Известување за вршење на притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и запознавање со начинот на распределба

на предмети со прилози од Даниела Лапе- јавнообвинителски референт во Вишо јавно обвинителство Скопје, Ружица Јосифова-помлад јавнообвинителски референт во Вишо јавно обвинителство Скопје , Жаклина Никодиновска -записничар во Вишо јавно обвинителство Скопје, Валентина Калиновска –записничар втора категорија во Вишо јавно обвинителство Скопје и Ружица Слезенковска претходно вработена во Вишо јавно обвинителство Скопје со прилози
6. записникот од 20.11.2024 година изготвен од јавните обвинители Лиле Стефанова, Елвин Вели и Џелал Бајрами